Врз основа на член 383 од Законот за трговските друштва и член 35 од Статутот на Аутомакедонија АД Скопје, на седницата на Собранието на акционерите на "Аутомакедонија" АД Скопје на XXVI-та седница одржана на ден 30.05.2023 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за констатирање престанок на мандатот на членовите на Надзорниот одбор и избор на членови на Надзорен одбор на Аутомакедонија АД Скопје

1. СЕ КОНСТАТИРА престанок на мандатот на следните членови на Надзорниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје:
    1. Панче Нефтенов - претседател
    2. Борче Илиоски - независен член
    3. Гордица Штерјева - член
    4. Искра Клинкарова - независен член
    5. Ана Чешларова - независен член

2. За членови на Надзорниот одбор на Аутомакедонија АД Скопје, СЕ ИЗБИРААТ:
    1. Панче Нефтенов - независен член
    2. Кристијан Поленак - независен член
    3. Гордица Штерјева - член
    4. Филип Мојсовски - независен член
    5. Искра Клинкарова - независен член

3. Траењето на мандатот на членовите на Надзорниот одбор се определува за време од 6 години од денот на изборот.

4. Надзорниот одбор од редот на своите членови со мнозинство гласови од вкупниот број членови избира Претседател на Надзорниот одбор и негов заменик кој ќе го заменува во случај на отсуство ако претседателот не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, кој ги свикува седниците, претседава со нив и е одговорен за водењето на евиденцијата за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и на одлучување на Надзорниот одбор.

5. Надзорниот одбор избира 5 членови на Управниот одбор. Со одлуката за избор на членови на Управниот одбор, Надзорниот одбор еден од членовите на Управниот одбор го именува за Претседател на Управниот одбор. Ако претседателот на Управниот одбор од било кои причини не може да ја врши функцијата или е отсутен, со водењето на состаноците на Управниот одбор претседава член на Управниот одбор определен со одлуката за именување на Претседател и заменик претседател на Управниот одбор.

6. Со одлуката за избор на членови на Управниот одбор, Надзорниот одбор одобрува еден член на Управниот одбор да го застапува друштвото. Членот на Управниот одбор определен за застапување на друштвото ќе го носи називот ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР.

7. Своите права, обврски и овластувањата Надзорниот одбор е должен да ги извршува во согласност со законот, Статутот и овластувања што изречно му се дадени од Собранието на друштвото.

8. Членовите на Надзорниот одбор имаат право на осигурување на живот и друг вид

осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго). Средствата што ќе се исплатуваат на членовите на Надзорниот одбор се трошоци на работењето на друштвото. За посебно доверени работи што за друштвото ќе ги извршува член на Надзорен одбор може да му се признае дополнителна награда, која исто така се исплатува на товар на трошоците на работењето.

9. Се овластува Претседателот на Управниот одбор да ги преземе сите потребни дејствија за поднесување пријава за упис на Одлуката за избор на членови на Надзорниот одбор на АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје во Централниот Регистар на РМ.

10. Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето.

***Одлука бр. 02-2108/10 /30.05.2023 година***

**"АУТОМАКЕДОНИЈА" АД СКОПЈЕ**
СОБРАНИЕ
Претседавач

Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД • Скопје •